**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

---

**Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје |** тел. **02/3 218 130** факс. **02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup |** tel. **02/3 218 130** faksi. **02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**

Бр. ____________
_______________2023 година
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 433-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, март, 2023 година**

Седницата се одржа на ден 13.03.2023 година – понеделник, во салата за седници со почеток од 10,00 часот.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Мирјана Радевска Стефкова**, Член на Советот
- **Ханиф Зендели**, Член на Советот
- **Зоран Герасимовски**, Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот
- **Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Сашко Георгиев**, Член на Советот
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, Заменик претседател и член на Советот

Оправдано отсутни членови :

- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)* - член на Советот по функција,
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд *(користи боледување)* – член на Советот по функција и
- **Мери Радевска**, Член на Советот, *(користи годишен одмор)*;

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, Генерален секратар
- **м-р Вера Андрејчин**, Советник
- **м-р Сања Спиридонова**, Помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста и на истата присуствуваа:

- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**
- Претставник **од Институт за човекови права**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева, откако констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата.

Во продолжение откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 433-та седница, со предлог истиот да се измени.

Претседателот на Советот, Весна Дамева отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред.

Претседателот на Советот, Весна Дамева откако се констатира дека никој не се јави за збор Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање. По гласањето констатира дека едногласно, со 12 глаза ,, За “ и ниту еден глас ,, Против“ е усвоен следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1.Разгледување и усвојување на Правилник за начинот на формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата;

2.Донесување на одлука за избор на судии поротници на Апелационен суд Битола;

3. Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Основен суд Берово, Основен суд Крушевои Основен суд Прилеп;

4.Разгледување на Извештај од работна посета на Основен суд Куманово;

5. Разгледување на Извештај од работна посета на Основен суд Штип;

6. Формирање на Комисии на известители по поднесени Барања за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд;

7. Донесување на одлука за престанок на функција судија поротник на Основен граѓански суд Скопје;

8. Разно.

### Точка 1

### Разгледување и усвојување на Правилник за начинот на формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** истакна дека текот на работењето на Советот се утврди потребата од изготвување на правилник по однос на начинот на формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата. Додаде да по одржани неколку работни состаноци и дискусии, по што беше изготвен предлог Правилник. Со правилникот е пропишанначинот на формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Ккомисијата и даден е детален опис по однос на формирањето и работењето на Комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева отвори дискусија.**

**За збор се јави членот на Советот и заменик претседалел м-р Селим Адеми** кој истакна дека по однос на оваа точка заеднички е одлучено од страна на сите членови дека еден ваков Правилник било потребно да се изготви со кој ќе се уредуваат критериумитеи подобар начин на работење на Комисијата кога има избор на претседател на суд. Ова од причина што во законот тоа е уредено само во еден член и истото не е детално прецизирано. Истото претходно беше уредено со процедурите, но со измената на Законот за

Судскиот совет на РСМ, процедурите не соодветствуваа. Понатаму, овој правилник може да се дополни или менува доколку Комисијата оцени дека истото е потребно.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева**се надоврза и истакна дека читајќи го Предлог- Правилникот не нашла забелешки по однос на соржината на истиот, а во случај кога нема образложена процедура по однос на одредена постапка во Законот и Деловникот, Советот може да носи подзаконски акти кои ќе бидат корисни во повеќе аспекти на работењето на Советот. Истото ќе се однесува не само на претседатели на судови, туку и за избор на судии, унапредување на истите.

**Заменик претседател м-р Селим Адеми**додаде по однос на Правилникот дека за прв пат е предвидено да кога ќе има интервју со кандидатите, да биде објавено на веб-страницата, јавноста ќе може истото да го проследи, што е особено важно во делот на транспарентноста на работењето на Советот.

Со оглед на тоа што се исцрпи точката од дневниот ред и не се јавија повеќе за расправа, претседателот на Советот Весна Дамева го стави на гласање предлог -Правилникот за начинот на формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата.

**Се констатира дека со 12 гласа „за“ и ниту еден „ против“ едногласно се донесе следната**

**О Д Л У К А**

**СЕ УСВОЈУВА** Правилникот за начинот на формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**
**Донесување на одлука за избор на судии поротници на Апелационен суд Битола**

**Претседателот на Советот, Весна Дамева**ја отвори втората точка од дневниот ред и истакна да согласно чл.36 ст.1 алинеја 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот е надлежен да избира и разрешува судии поротници. Согласно чл.42 од Законот за судовите, судиите поротници ги избира и разрешува Судскиот совет на Република Северна Македонија, под услови и во постапка определена со закон. Во чл.53 од истиот закон е предвидено дека Советот избира и разрешува судии поротници по предлог на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд. Додаде дека од страна на претседателот на Апелациониот суд Битола е

доставена предлог листа за избор на судии поротници, по што е изготвен Извештај со предлог за избор на судии поротници.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** за што му даде збор на известителот Ханиф Зендели.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека од страна на претседателот на Апелациониот суд Битола бил објавен јавен оглас за избор на судии поротници бидејќи е потребно да судот работи непрекинато. Понатаму додаде дека имајќи ја предвид спроведената постапка, а со оглед на тоа што од страна на Советот било констатирано дека кандидатите кои ги исполнуваат условите од објавениот оглас се кандидатот Лидија Петровска од Битола , Благојче Гарески од Демир Хисар, Марина Трајковска од Битола, Снежана Костова од Битола, Пеце Митревски од Битола и Мирјана Тасевска од Битола. Сите овие кандидати ги исполнуваат условите согласно Законот за судови, предлогот да биде усвоен.

**Претседателот на Советот Весна Дамева**отвори расправа. Откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за збор предлоготза избор на судии поротници на Апелационен суд Битолаго стави на гласање.

**Се констатира дека со 12 гласа „за“ и ниту еден „ против“ едногласно се донесе следната**

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

За судии поротници на Апелационен суд Битола се избрани:
1.Лидија Петровска
2.Благојче Гарески
3.Марина Трајковска
4.Снежана Костова
5.Пеце Митревски и
6.Мирјана Тасевска.

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето – 13.03.2023 година.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**
**Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Основен суд Берово, Основен суд Крушево и Основен суд Прилеп**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна да по донесена Одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Основен суд Берово и Основен суд Крушево бил објавен оглас во „Сл.весник на РСМ“ бр.20/23 од 31.01.2023 година на кој оглас немало пријавени кандидати поради што е потребно повторно да се објави оглас за истите.Воедно укажа дека е потребно е да се објави оглас и за претседател на Основен суд Прилеп бидејќи сегашниот претседател Зоран Стеваноски на 18.05.2023 година исполнува услови за пензија, па согласно чл.47 од Законот за судовите, два месеци пред истекот на мандатот на постојниот претседтаел на суд, се исполнети условите за донесување на одлука за објавување на оглас.

Претседателот на Советот отвари дискусија. Со оглед на тоа што никој од присутните членови не побара збор го стави на гласање предлогот за донесување одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Основен суд Берово, Основен суд Крушево и Основен суд Прилеп. По гласањето констатира дека со 12 гласа ,,за“ и ниту еден ,, против“ едногласно се донесе следната

**О Д Л У К А**

ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС ЗА

- За избор на претседател на Основен суд Берово,
- За избор на претседател на Основен суд Крушево и
- За избор на претседател на Основен суд Прилеп.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** додаде дека со оглед да е усвоен Правилникот за начинот на формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата и истиот влегува во сила со денот на донесувањето, а согласно чл.2 и член 3 е предвидено дека Комисијата се формира на истата седница на која Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на претседател на судво состав од три члена од редот на членовите на Советот со право на глас, избрани по пат на ждрепка од кои два се од редот на членовите избрани од редот на судиите, а еден од редот на членовите избрани од Собранието на РСМ, а од нив по пат на ждрепка се избира претседателот на Комисијата, предложи да се пристапи кон ждребање и да се формира Комисија. Се обрати на членовите дали се согласуваат една комисија да се формира за сите тројца претседатели или поединечно. Со оглед на тоа никој не беше против се пристапи кон предлогот да биде една комисија.

Во продолжение на седницата по пат на ждрепка се пристапи кон формирање на Комисијата и се донесе следната

**О Д Л У К А**

Се формира **КОМИСИЈА** за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на Основен суд Берово, Основен суд Крушево и Основен суд Прилеп, во состав од:

-**Зоран Герасимовски**– претседател на Комисијата
-**Мирсад Суроји**– член на Комисијата и
-**м-рТања Чачарова Илиевска**– член на Комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

**Разгледување на Извештај од работна посета на Основен суд Куманово**

**Претседателот на Советот Весна Дамева**по однос на оваа точка од Дневниот ред истакна дека соЗаклучок на Судскиот совет на РСМ бр.02-250/1 од 27.01.2023 година формирана е работна група од членови на Советот која изврши работна посета во Основниот суд Куманово на 01.02.2023 година, по што е изготвен Извештај по однос на констатираната состојба во судот.Координатор за Основниот суд Куманово е членот на Советот Ханиф Зендели, па согласно истото му даде збор.

**Членот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека согласно Заклучокот кој е донесен од страна на Советот бр.02-250/1 од 27.1.2023 година, формирана е работна група од членовите на Судскиот совет на РСМ во состав од Ханиф Зендели – координатор за работата на Основниот суд Куманово, м-р Ивица Николовски и Сашко Георгиев кои на ден 01.2.2023 година извршиле работна посета во овој суд. Додаде дека целта на посетата е вршење увид во работата на ВД претседателот на судот, како и на судиите во врска со почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија, состојбата со старите предмети во судот, оптовареноста на судиите согласно распоредот за работа и слично. Додаде дека посетата на Основниот суд Куманово започна со средба со ВД претседателот на судот кој ги информираше членовите на работната група за состојбата со предметите, обемот на работа и начинот на решавање на предметите, екипираноста на судот со судии и стручна служба и за меѓучовечките односи во судот. Согласно систематизацијата за број на судии во Основниот суд Куманово предвидени се 34 судиски места, а пополнети за тековната 2022 година биле 20, вклучувајќи го ВД претседателот на судот, 1 судски администратор, 1 раководител на одделението за информатика, 8 судски соработници, 1 еден судски соработник преведувач, 15 помлади судски соработници, 2 двајца помлади соработници-преведувачи, 1 помлад соработник за корпора деликти, 10 самостојни судски референти, 10 виши судски референти, 29 судски референти-дактилографи, 19 помлади судски референти, 9 припадници на судска полиција, и 8 технички работници, 1 возач, 1 хаус мајстор, 4 хигиеничари и 2 курири. Во делот на екипираноста на судот беше укажано на евидентното намалување на бројот на судиите со појаснување дека во текот на 2022 година е констатиран престанок на вршење на судиска функција на еден судија поради исполнување на услови за старосна пензија, еден судија на крајот на 2022 година е избран во друг суд по хоризонтала, како и дека за еден судија кој од страна на ССРМ е времено упатен во друг суд истечено е времето за кое бил времено упатен по што судијата е вратен во судот, од кои причини судот во

моментот постапува со 18 судии. Во продолжение, од страна на ВД претседателот на судот беше посочено дека Основниот суд Куманово се соочува и со проблеми со доставата. Укажано беше дека судот во моментот работи со 9 доставувачи што преставува евидентно намалување на бројот на овој кадар со оглед на околноста да претходно нивниот број изнесувал 18 доставувачи. Ваквата состојба имплицира неопходна потреба за достава на актите по пошта што од своја страна значи зголемување на трошоците на судот со оглед на значителното зголемување на цените на доставата. Членовите на Судскиот совет на РСМ – членови на работната група при посетата се осврнаа и на старите нерешени предмети. Во таа насока со ВД претседателот на судот се разговараше и за старите нерешени предмети за која цел во дел од истите беше извршен и увид. Членовите на работната група беа информирани дека во Основен суд Куманово заклучно со 31.01.2023 година има вкупно 323 нерешени стари предмети. За надминување на состојбата со стари нерешени предмети ВД претседателот на судот информираше дека судот во текот на месец декември 2022 година има изготвено Акциски план за решавање на старите нерешени предмети. Според видот на предмети беше укажано дека најголемиот број стари нерешени предмети во судот се оставинските предмети по кои согласно законските прописи постапуваат нотарите како повереници на судот. Во таа насока беше укажано дека во перидот од неколку години наназад до нотарите судот доставувал барања за ажурно постапување по предметите и изјаснување за причините поради кои истите не се завршени, како резултат на што дошло до завршување на одреден дел од овие предмети. Во овој дел беше нагласено дека голем број на стари нерешени предмети има и од уписниците СТ и ТС. Како посебен проблем со кој се соочува Основниот суд Куманово беше истакнат и проблемот со предметите од уписникот РО во кои како тужена страна се јавува Министерството за одбрана. Проблемот за оддолговлекување на наведениот вид предмети е околноста што тужената страна Министерство за одбрана не овозможува пристап на вешти лица за утврдување на податоци од документацијата за работен однос од причини што како вешти лица кои можеле да бидат ангажирани во работните предмети прифаќаат само лица кои поседуваат безбедносен сертификат за степен на доверливост. На овој начин се создаваат услови за решавање на заостанатите предмети од овој вид. Координаторот на работната група - Ханиф Зендели истакна декаизврши увид во предметите од СУ ИЗЗ уписникот за 2022 година. Од овој уписник разгледани беа предмети по список од АКМИС програмата и тоа за периодот од 01.01.2022 до 01.06.2022 година, пришто за конкретниот период констатирано е дека во судот се примени вкупно 11 предмети по кои ВД претседателот на судот има постапено и донесено одлука. По однос на причините за изземање констатирано е дека во поголемиот дел на барањата истите се одбиени, а дел се уважени.Во барањата каде е донесено решение за изземање јасно произлегува дека постојат законски и образложени причини врз основа на кои ВД претседателот на судот се раководел кога одлучувал по изземањата. Додаде дека од наведеното произлегува дека ВД претседателот на судот кој постапил по наведените предмети по барање за изземање постапил согласно законот и ги почитувал законските процедури по однос на постапување по барањата, така што нема забелешки за постапување во разгледаните предмети.

Коодинаторот за овој суд потенцира дека извршен е увид и во начинот на поставување на адвокати по службена должност за тековната 2022 година.

Предмет на увид беше периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година при што беше разгледан списокот на адвокати поставени по службена должност кој се води по АКМИС програмата.  Притоа, од извршениот увид  констатирано е дека во 115 кривични предмети имало барања за поставување на адвокат по службена должност  по кои е постапено. Од  извршениот увид во списокот на ангажирани адвокат може да се констатира дека постојат адвокати кои повеќе и почесто се ангажирани во кривични предмети во споредба со вкупниот број адвокати евидентирани во листата на адвокати во АКМИС системот.Воедно, од списокот е констатирано и дека за сите адвокати кои биле ангажирани по листата евидентирана во АКМИС програмата се изготвени решенија за поставување бранител по службена должност  кој ги издавал ВД претседателот на судот.  Понатаму појасни дека решенијата се совпаѓаат со списокот кој е воден во АКМИС програмата.Во делот на контролата која се однесува на ангажирање на адвокати по службена должност при остварениот разговор со ВД претседателот на судот е појаснето дека голем дел од адвокатите не сакаат да бидат ангажирани по службена должност, особено постарите адвокати со поголем обем на работа од кои причини најчесто по службена должност се назначуваат помлади адвокати и адвокати кои доброволно сакаат да се ангажираат како адвокати поставени по службена должност. Од остварениот разговор и извршениот увид во по однос на поставување на адвокати по службена должност, констатирано е дека не постои унифициран начин на распоред, односно не се користи начин на распоред според редоследот на адвокатите во листата на адвокати кои работат на подрачјето на Основен суд Куманово.

При извршената контрола разгледани се и одлуки донесени од страна на ВД претседателот на судот по однос на исклучување и вклучување на судии во АКМИС програмата. Во овој дел укажа дека разгледани неколку одлуки одлуки, па од извршениот увид во истите се констатира дека постојат причини за исклучување на судиите од прием на предмети од АКМИС програмата, како што се боледување, користење одмор и слично, но истовремено е констатирано и дека во дел од донесените одлуки не постојат образложени причини зошто одредени судии се исклучени од автоматската распределба на предмети преку АКМИС програмата – (да примат или да не примат предмети). Понатаму, при работната посета предмет на контрола беа и предмети од кривичниот оддел на судот, пред се од редот на стари кривични предмети. Во таа насока беше извршен увид во еден кривичен предмет, еден прекршочен предмети и еден предмет за извршување на санкции. Во овој дел појасни контролата беше извршена од членот Судскиот совет на РСМ, Сашко Георгиев. Воедно, членот на Советот Ивица Николовски како член на работната група извршен е увид во граѓански предмети, заведени во уписниците П4, ТС и СТ. Сите предмети во кои е извршен увид се од 2002 година и се избрани по случаен избор. Појасни дека при извршената работна посета на Основен суд Куманово остварен е и непосреден разговор со дел од судиите кои постапуваат по различен вид на предмети како во делот на постапување по предметите, така и по однос на меѓучовечките односи во Основниот суд Куманово. Од непосреден разговор со судиите додаде дека може да се констатира дека кај дел од судите постои страв да зборуваат по однос на овие околности, а дел од судите се произнесоа пред присутните членови на Судскиот совет.Во делот на меѓучовечките односи во судот од страна на судиите покрај непосредниот разговор до кординаторот за следење на работата на Основниот суд Куманово

доставени се и писмени изјави од .. и судијата... Потенцира дека може да се констатира нарушеност на меѓучовечките односи и незадоволство при изготвување на годишниот распоред за работа од аспект на распоредување на судиите за постапување по одреден вид предмети.Од изјавата и непосредно остварениот разговор со судијата .. може да се констатира изразено незадоволство во делот на распоредувањето на судиите со годишниот распоред за работа за постапување по предметите од уписникот СТ и ТС од повеќе аспекти: распоредување несоодветно на специјализацијата на судијата, работното искуство и годините на судиски стаж, доброволното прифаќање на одреден судија за постапување по наведениот вид предмети, со провејување на извесна доза на субјективизам на ВД претседателот на судот од кои причини е поднесен и приговор до Врховниот суд на Република Северна Македонија, по кој приговор е донесена одлука,(тука да се провери дали е донесена одлука во тонското е нејасно) дотолку што во судот има двајца судии кои веќе се специјализирани по таа област од кои предходните години истите судии постапувале по таа материја односно тие уписници и истите се како судии со поголго годишно искуство повеќе од 10-десет години судиски стаж. Истакна дека може да се заклучи дека во судот постојат нарушени меѓучовечки односи, некоректен однос на ВД претседателот на судот кон одредени вработени, со користење на несоодветен вокабулар, навреди и омалуважување пред други колеги, а кој во одредени случаи преминува во навреди на национална основа.

Во продолжение Комисијата ги утврдила следните заклучни согледувања, па ги истакна следните: По однос на предметите од СУ ИЗЗ уписникот не е констатирано постапување спротивно на законските прописи. Постапките се водени согласно закон и се почитувани законските процедури, а донесените решенија содржат образложени причини за уважување, односно одбивање на барањето за изземање. Понатаму по однос на старите нерешени предмети од било кој уписник (работни предмети со Министерство за одбрана, оставински предмети како и сите други предмет кој се водат како стари не решени предмети) да се изнајде начин согласно акциониот план за решавање на страите предмети, на истите да им се даде приоритет на решавање и по однос на истите да се изноѓа решење за надминување на проблемите со старите не решени предмети, а предметите благовремено и ажурно да се решаваат со цел намалување на нивниот број. По однос на предметите во кои е извршен увид од страна на членовите на работната група (кривични и граѓански) во дел од истите се констатира долго траење и одолговлекување на постапката, одолговлекување на доставата, неуредно и неажурно верификување на предметите во АКМИС системот, подолг временски период од донесување до доставување на одлуката до странките и подолг временски период на враќање на предмет од второстепениот суд кој одлучувал по жалба, до првостепениот суд на повторно постапување. Поради наведените причини потребно е изнаоѓање на механизми од страна на судиите за надминување на наведените проблеми и пропусти во насока на поажурно постапување и поскоро завршување на предметите. Дел од заклучоците се и тоа да при распределбата на предметите да се почитува распределба преку АКМИС програмата, и распределбата од еден на друг судија при распределба на предметите да има доказ за причините за извршената промена на судијата, да постојат образложени причини зошто одредени судии се исклучени од

автоматската распределба на предмети преку АКМИС системот односно да се наведат причините за нивно исклучување од автоматска распределба, а истото со оглед дека во повеќе одлуки донесени од страна на ВД претседател на судот се донесени одлуки кои не се образложени и нема причина за исклучување и вклучување во АКМИС програмата. Воедно да се воспостави унифициран начин на определување на адвокати/бранители по службена должност во кривичните предмети според редоследот на адвокати во листата на адвокати за подрачје на Основен суд Куманово. Исто така, во најкус можен рок да се изнаоѓање решение за определување на судија за постапување по предметите од СТ и ТС уписникот, бидејќи предметите примени и заведени во судот не можат да стојат нераспределени кај судии за да по истите се постапува, бидејќи не може истите предмети да останат нераспределени повеќе од пет работни денови, ваквото непостапување по истите предмети е во спротивно со одредбите од Судскиот деловник како и законот со управување и движење на предмети. Потенцира дека е потребно и неопходно да се внимава на меѓучовечките односи во судот и угледот на судот во насока на итно превземање на чекори кон нивно подобрување согласно етичките стандарди на однесување и подобрување на меѓучовечките односи. И на крај констатираните забелешки во однос на меѓучовечки односи посебно на етничка основа е недозволиво и спротивно на етичкиот кодекс на однесување на вд претседател како раководно лице на судот, институцијата каде се дели и се бара правда, истиот треба да биде пример на меѓучовечките односи а не спротивното. Недозволиво е раководно лице (ВД.Претседателот) на судот да биде пречка на нормалното функсионирање на судот, тој треба да биде пример и да потикне добри односи и изнајде решение доколку се јавува случај на нарушени односи а не да истиот биде потикнувач на нарушување на меѓучеовеките односи, бидејќи таквиот начин на однесување не создава добра атмосфера на нормалното функсионирање на еден од поголемите судови во Република Северна Македонија. Додаде дека со оглед на тоа дека сегашниот ВД претседател е и кандидат за претседател на овој суд, а со оглед на претходно презентираната состојба во судот, следува да се следи неговата работа и истото да се земе во предвид, да се разговара и со другите судии и да се констатира – потврди дали констатираната состојба од Комисијата е навистина така .

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Сурои** кој по однос на изнесеното во Извештајот потенцира дека со оглед на тоа што припаѓа во тој суд истакна дека е жално и е револтиран за ваквата состојба констатирана во извештајот, односите се такви во овој суд се 2 години. Толерирајќи да се преземат мерки со години, очигледно ја влошило состојбата. Еден претседател на суд, на еден од најголемите судови во државата, со различна етничка припадност, се поставува прашањето како граѓанинот би барал правда. Во таа смисла на координаторот му постави прашање дали е анализиран извештајот и дали смета дека во овој суд треба да раководи вакво лице. Очекува да се даде мудар предлог и изрази уште еднаш голема загриженост, со оглед на тоа дека до пред 4 години работите во судот биле во исклучително добра состојба.

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевска** и околу меѓучовечките односи постави прашање во делот на тоа ст.11-12 од Извештајот, дека е остварен непосреден контакт со неколку судии, а од причина што се 18 судии, треба да се потенцира во извештајот со колку потточно судии е остварен контакт и дали направен разговор со судии од мешан состав, или исклучиво со судии од албанска етничка припадност, ова од причина да се добие појасна слика. Изјавите се од двајца судии и има само две писмени изјави.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** кој во контекст на гореизнесеното истакна дека Комисијата непосредно разговарала со 7 судии по однос на  тековните работи во судот,проблемите и слично. Се работи за група на судии, но исто така и конкретно со овие двајца судии кои се наведени во извештајот. По однос на едниот од двајцата судии, кој поднел приговор на Годишниот распоред, Врховниот суд одлучил и ја укинал оваа одлука и судијата. Претседателот на судот треба да одлучи кој ќе постапува по овие предмети. Другиот судија истакна работи кои не се воопшто пријатни за ВД претседател,во два наврата имало и анонимни дописи за работата во овој суд. Во период кога сегашниот ВД претседател поради сериозни здравствени причини беше отсутна од работа, со судот раководел заменикот. Она што не е разговарано со другите судии, смета дека треба и целосходно е да се направи, како и да се направат дополнителни напори да се доиспита состојбата, иако како што истакна впечатокот е дека кај судиите постои страв да кажат нешто по однос на состојбата во судот и односите.Да не се чека да се влоши состојбата. Пред 2 години кога имало посета во тој суд, тогаш било констатирано дека состојбата била далеку подобра. Недолично е еден претседател на суд да поттикне да настане влошување на односите, напротив треба да интервенира доколку би имало таква состојба.

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевска**појасни дека прашањето било дали состојбата со нарушени односи во судот која е утврдена од страна на Комисија произлегува од разговорите со наведените двајца судии или заклучокот и сликата е добиена од разговор со повеќе судии. Ако имало контакт и со други треба да се наведе и тоа, суптилна е ситуацијата, а во однос на издржаноста на извештајот во овој дел.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** кој појасни дека онака како што е кажано во изјавите било кажано и при обавениот разговор, конкретно за тие двајца судии. Па наведе дека можеби ќе биде потребна уште една посета во овој суд и овој извештај може да претрпи дополнување.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** која постави прашање по однос на точката 6 дека во најкус можен рок каде е наведено дека треба да се најде судија кој ќе постапува по предметите СТ и ТС уписник Посетата е извршена во 1 месец, а извештајот се доставува во 3 месец, дали е нешто направено, какви сознанија има координаторот.

Членот на Советот **Ханиф Зендели** појасни дека е зачуден како ВД претседателот можел да дозволи од 01.01.2023 година да не постави судија кој

ќе постапува по тие предмети и има застој. Што е недозволиво, без оглед на тоа што има приговор, треба да се определи друг судија да постапува по нив.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** потенцира дали е разговарано со колеги од сите националности за да се не остане недокажано и само врз основа на овие двајца колеги да се формира таа слика кај Комисијата и укажа со цел некој од судиите субјективно да изнесува наводи. Истакна дека е поцелисходно и судии од македонска националност да се произнесат на темата.

Членот на Советот **Ханиф Зендели** се надоврза и истакнадека навреди од национална база се недозволиви и е недопуштено. Следна фаза е да се констатира и доутврди состојабата.

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевска-** реален проблем е неспорно дека има, но со оглед да се работи за Извештај кој се гласа, неможе врз основа на изјави од двајца судии истото да се стори. Однесувањето на претседателот треба да се следи во секој поглед. Точка 5 од заклучни согледувања истакна да за каква унифицираност се говори. Причините биле кажани и тоа се случува во сите судови. Меѓутоа најдобро е да се ротираат адвокатите, но смета дека не станува збор за унифициран начин.

За збор се јави членот на Советот**Ханиф Зендели** кој надополни дека било појаснето истото од страна на претседателот и смета дека пристапот треба да е редоследно поставување на бранители по службена должност.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** кој по однос на предметите од кривична област објасни дека може да се произнесе подетално. Во продолжение посочи пример од разговор со колешка која скоро е избрана за судија од Академија која била распоредена да постапува по стечајни предмети. Таа сеуште го користи законското право за првите две години да не постапува по посложени предмети. Меѓутоа добил информација дека и е уважена жалбата – приговорот.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** додаде дека како член на Комисијата, потенцира дека е остварен контакт од 6-7 судии, но не добил впечаток дека меѓучовечките односи се нарушени. По однос на распоредувањето на колешката да постапува по стечајни предмети, истото не било лична желба на ВД претседателката, туку на колегиумот на судии истото било решено. Во делот на изјавите на една од колешките која дала изјава за нарушени односи, смета дека станува збор за лично меѓусебни односи и истото не го оправдува. Сегашниот заменик претседател не изјавил незадоволство. Сепак станува збор за сензитивни теми и укажа дека сака да биде објективен.

Се констатира дека во 11.45 часот седницата ја напушти претставникот од Коалицијата за правично судење.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** по однос на точка 5 смета дека треба да се направи преформулација, односно редоследен начин да се бираат адвокатите, а не да фигурира унифициран.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** кој на прашање на членовите каков предлог има истакна деказа да се констатира подетално, да се следи работата, да се направат дополнителни посети во судот, да се разговара и со останати судии и ВД претседателот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** укажа дека и со Основен суд Гевгелија се надминале вакви ситуации за нарушени меѓучовечки односи. Така што наведе дека е потребно да се разговара и со останатите судии, а во делот дека незадоволството по однос на годишниот распоред, ако веќе нема по поплаки по однос на тоа прашање истото да се нотира- констатира, а неопходно е да се обрне внимание на меѓучовечките односида се следи и да се преземат активности за нивно подобрување, односно да се постапува по точка 7 од Извештајот. Во случај на алармантна ситуација веднаш да се реагира. Во овој момент нема детално утврдена фактичка состојба.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** постави прашање дали да се смени составот или зголеми составот на комисијата при евентуално следни посети во судот и испитување на состојбата. По однос на одлуката за едниот судија во делот на стечајните предмети, во скоро време смета да се најде начин да се изврши увид и со новите состојби и по однос на ова прашање.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** смета дека оп однос на меѓучовечките односи во судот, да има една Комисија во што пократок рок да оди повторно во судот и да го анализира конкретно ова прашање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во рок од една недела – 10 дена повторно да се посети судот во Куманово - ненајавено, додека смета дека нема потреба да се формира друга комисија дополнително. Да се дефинира кои чекори да се преземат со оглед да состојбата е сензитивна. И дали во таа смисла ст.2 од 7-та точка да остане во извештајот.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** дали останува за усвојување точката 7, бидејќи во извештајот е како констатација наведено како постапува вд претседателот.

За збор се јави членот на Советот**Ханиф Зендели** како предлог истакна да остане извештајот во форма во која што е поднесен, односно и ставот 2 од 7-мата точка да остане.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** како размислување укажа дека можеби во моментов е посободветно додека не се испитаат состојбите да се повлече извештајот.

За збор се јави членот **м-р Миљазим Мустафав** анализирана е состојбата, Извештајот е потпишан од тројца членови. Со донесување на истиот правни последици нема, но ситуацијата треба да се следи. Извештајот е коректен и професионално е направен.

За збор се јави членот и заменик претседателот на Советот **м-р Селим Адеми**предложи Извештајот да се стави на гласање во форма во која е изготвен.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за збор Извештајот од работната посета на Основен суд Куманово го стави на гласање.

Се констатира дека со 8 гласа ,,за“ и 4 ,, против“ е усвоен извештајот.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред , по што даде пауза од 30 минути.

Се констатира дека со седницата продолжува во 12.30 часот.

**Точка 5**
**Разгледување на Извештај од работна посета на Основен суд Штип**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека **с**оЗаклучок на Судскиот совет на РСМ формирана е работна група од членови на Советот која изврши работна посета во Основниот суд Штип, по што од страна на работната група е изготвен извештај за констатираната состојба во судот.Согласно истото му даде збор на известителот Мирсад Суроји.

**Членот на Советот** Мирсад Суроји истакна дека Судскиот совет на Република Северна Македонија, во рамки на следење на работата во Основен суд Штип, а врз основа на донесен заклучок бр.03-307-1 од 06.02.2023 година со кој е формирана работна група составена од членовите на Судски совет на РСМ, во состав од координаторот за следење на работата на овој суд членот Мирсад Суроји како и членовите Ивица Николовски и Зоран Герасимовски, која работна посета беше спроведена на ден 07.02.2023 година. Согласно заклучокот работна група на ден 07.02.2023 година, изврши работна посета на Основен суд Штип, по претходно прибавени потребни податоци од работната група, односно кординаторот за следење на работата во ОС Штип, со цел успешно реализирање на посетата. Истакна дека во основен суд Штип, во почетокот на 2022 година судот работил со 13- а сега 12 судии заедно со претседател на судот , кој исто така работи во кривична материја и 61 вработени во службата, додека по систематизација на судиски места во судот се определени 16-судии како и согласно правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места предвидени се 120 работни места. Основен суд Штип во текот на 2021 година бил ажурен суд, додека во 2022 годината, судот започнал со 3233 нерешени предмети, примил на работа 23527, додека вкупно имал на работа 26760 предмети од кои решил 22941 предмети, а останале нерешени 3819 предмети, но иако во текот на 2022 година бил неажурен суд, сепак во четвртиот квартал се оценува како ажурен, бидејќи од вкупно примени предмети од 5386, биле решени 6394 ,што значи судот го совладел приливот со повеќе од 1005 решени предмети и се приметува благо покачување на работата на судот, кој тренд на работа се очекува да продолжи во текот на 2023 година. Понатаму објасни дека посетата

започна со состанок со Претседателот на Основен суд Штип, при што членот на Советот Мирсад Суроји како одговорен член истакна дека посетата е согласно добиениот заклучокот донесен од страна на ССРСМ, а кој веќе бил примен и во судот, дека целта на посетата е да се изврши анализа и проверка на состојбата на стари нерешени предмети , во делот на функционирање на АКМИС системот по однос на распределба на предмети и работата на претседателот и судиите, но и нивните забелешки доколку ги има и во кој дел, потоа контролите извршени од Апелационен суд по однос на постапување со предметите, начин на достава како и меѓусебните односи меѓу судии и вработените во судот, односите со јавноста по однос на транспарентност како суд, проблемите со кои се соочува, недостатоците по однос на условите и намалениот број на судии и вработени во судот со посебен акцент за итно решавање доколку ги има, начин на постапување во насока на подобрување на условите и атмосферата за работа во судот, а во таа насока исто така беа повикани и претседателите на кривичен и граѓански оддел, а со цел изнаоѓање на брзо надминување на секојдневни проблеми доколку ги има за одвивање на нормална работна атмосфера и по ефикасно постапување и работење во судот. Додаде дека во таа насока на увид беа побарани повеќе предмети од разни уписници во судот со табелен преглед по месеци и години, интерна книга – уписник СУ-ИЗЗ, листа на поставените бранители по службена должност како и листа на бранители кои учествуваат во постапка за малолетници, извештај за одржани состаноци по однос на постапување по предмети, при што секој од членовите на работна група имаше посебна улога по однос на извршен увид во предметите во разни уписници односно предмети по разни материи и дискусии со судии со цел надминување на проблемите доколку ги имаат во во нивното секојдневно постапување и одлучување со предмети.Направен е увид во интерна книза за ангажирање на бранители по службена должност како и уписник СУ-ИЗЗ, понатаму функционирање на АКМИС системот по однос на распределбата на предметите како и односите со јавноста по однос на транспарантноста на судот, се разгледа и состојбата за стари нерешени предмети, Имено истакна дека **с**удот годината ја започнал со 175 стари нерешени предмети. Во судот заклучно со 31.01.2022 година, имал 128 стари нерешени предмети (по критериум да од првиот датум на прием иницијалниот поднесок во судот се поминати повеќе од 2-две години).Од тоа 28 предмети биле од уписникот СТ, 24 од уписникот К, 13 од уписникот КУИКП, 18 од уписникот РО,7 од уписникот ВПП,5 од уписникот О,4 од уписникот П4, 4 од уписникот П1, 4 од уписникот ПЛТС,3 од уписникот Л,2 од уписникот РЕГВС, 2 од уписникот ВПП1, 2 од уписникот ПРК,2 од уписникот П2, , 2 од уписникот МАЛВП,1 од уписникот ИКП, како и 1-еден предмет од уписникот ВПП2. Голем број беа предмет на непосреден увид на списите од страна на работната група. Понатаму е извршен увид во предмети од граќанска област, кривична област, а извршен е и увид во предмети од граѓанска обласр по предметите од уписници ТС,ТС1 и СТ. Во делот на заклучни согледувања додаде дека предмети од граѓанска област врз кои беше извршен увидот како стари нерешени предмети кои биле затекнати од претходна посета. До застарување на овие предмети што се водат како стари не е дојдено поради неажурноста на сегашните судечки судии, туку дел од судија кој е во пензија и ги одлагал на неодредено време. По истите постапувано е ажурно и совесно, и кај сите постои одлука т.е. се завршени. Предметите биле одлагани поради фактот што се укинати посебно експропријациите, пради усогласување на вешти лица, неужурни

достави и итн. Но во секој случај судиите постапувале ажурно и согласно закон. Фактот што беше забележано дека има подлг временски период од тужбата до првото рочиште е заради зголемениот прилив на предмети, а кадровски не е пополнет, кое нешто преставува објективна околност на вакво одлговлекување, но не по вина на судечките судии.По однос на предметите од уписници СТ, и ТС на кои беше извршен увид, е констатирано, долго траење на постапката,отсаство на мерки за поефикасно и поажурно постапување на судот до заклучување на расправите и донесување на одлука. Долго траење на постапката, да се охрабри судијата поажурно да постапува,да бара од органите на стечајната постапка поголема ажурност,за заклучување на постапката. Појасни дека предметите од работни спорови, дел од нив не се решаваат и можно е да во одреден иден период дојде до тоа да тие предмети влезат во категорија на ,,стари нерешени предмети,, имајќи во предвид и големиот прилив на предмети од овој вид, па видно од веќе непостапување на органи и институции дел од предметите не се решени, и не е причината на непостапување по вина на судии, туку објективни пречки кој даваат дополнителе товар за судиите и судот. Истапка дека од извршениот увид, на кривични предмети не беа пронајдени неправилности по однос на постапувањата на судиите, а дел од стари, заведене како стари нерешени предмети од претходна година веќе биле завршени или во фаза на завршување, доставување на одлуки или изјавени жалби до Апелационен суд Штип, но иако не може да се констатира некој сериозен пропуст од страна на претседател на судот и судиите што укажува на нивната субјективна одговорност, сепак постои одолговлекување од објективни причини. Понатаму од се опфатен преглед и дискусии со претседател на судот и увид на определени превземени дејствија од неговата страна може да се констатира дека, редовно на седниции на судии и постојано се укажува на судиите да се даде максимален приоритет во решавање на старите предмети и да се бара помош и преку ургенции за побрзо решавање и отстранување на пречките за решавање на предметите до сите надлежни органи и институции и изготвување на соодветен акционен план со наведување на динамика и дејствија кои требат да се превземат со цел побрзо решавање на предметите , а особено на стари нерешени предмети. Во продолжение а по однос на преземање навремени дејствија истакна дека имајќи во предвид увидот при посетата на Основен суд Штип, како и дискусиите со Претседател на судот, претседателите на одделите и останатите судии, а во предвид условите за работа намалениот број на судии согласно систематизацијата и намалениот број на службата во судот, број на прилив на предметите и можностите при нивното постапување, потребно е да се има во предвид и превземат мерки односно обврска за ажурно постапување по судските предмети, согласно изготвениот Акционен план за намалување на заостатокот на нерешени стари предмети, а посебно стечајните предмети и преметите од работни спорови. Потенцира дека да се следи работата на стари нерешени предмети во судот преку АКМИС програмата и преку работното тело заедно со претседателите на одделите, а со посебно внимание и изнаоѓање за решавање на стечајни предмети и предметите од работни спорови, а по потреба со исполнување на план и евентуално негово дополнување и измена да се разгледа секој месец на редовни седници на судии, како и заеднички непосреден увид во списите на предметите со цел изнаоѓање решение за надминување на пречки и побрзо решавање на предметите.Судиите секој месец да доставуваат писмен извештај за стари нерешени предмети со

причина за нерешавање и динамика со план кога би се решил предметот, така што во текот на 2023 година реално да се очекува да се намали бројот на нерешени стари предмети со исклучок на оние предмети кои од објективни причини не можеле да се решат во тој рок и под услови да нема зголемување на прилив на предмети во судот. По однос на функционирањето на акмис системот по однос на распределба на предметите како и односите со јавноста по однос на транспарентноста на судот Комисијата констатира дека од извршен увид по однос на движењето на предметите во судот. Додаде дека видно е дека редовно се одржуваат седници на судии на месечно ниво и се изготвени записници од одржани седници на месечно ниво со судии.Исто така за следење на судска пракса биле определени раководителите на кривичниот и граѓанскиот оддел, додека по однос на годишен распоред за истите се донесени одлуки од страна на претседател и се запазени сите процедури, но и кога истиот бил изменет била донесена одлука за изменување, а се денесени и заведени под Су-број заради оправдени причини или подолг период заради пандемија со Ковид -19. Понатаму додаде дека било констатирано дека уписниците од судската управа по кои постапува претседателот на судот се водат во АКМИС,но исто така и актите ги изготвува  во АКМИС, како и редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, и се вршат еднаш дневно после 14,00 часот, додека итните предмети веднаш и истите се вршет од страна на уписничарите во судот.Огласна табла на судот функционира на видливо место. Истакна дека при увидот исто така, во предвид работната група ги имаше и проверките за односите со јавноста, по однос на транспарентност на судот. Во судот за односите со јавноста е формирана канцеларија за односи со јавноста што се грижи за транспарентност на судот и е назначено лице, согласно годишен распоред во судот задолжено за односите со јавноста и веб-страницата на судот. Од разговор со истиот како и извршениот увид беше констатирано, дека  во судот редовно  се одговара на барања и прашања од страна на граѓаните и странките, имаа соопштение за јавноста по однос на средбите кои ги врши претседател на судот како и средба со медиумите, учествувањата по регионални и меѓународни конференцииии, редовно соопштение по однос и во врска со интерните и јавните огласи, исто така редовно има и  соопштенија за  месечни и годишни извештаи кои се достапни за јавноста.

Се констатира дека во текот на образложувањето на Извештајот, Претседателот на Судскиот совет на РСМ- Весна Дамева во 12:40 часот ја напушти седницата од оправдани причини.

Седницата продолжи да ја води заменик престедателот на Советот, **м-р Селим Адеми**, кој по излагањето на известителот – членот на Советот Мирсад Суроји отвори расправа. Со оглед на тоа што откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за збор Извештајот од работната посета на Основен суд Штип го стави на гласање. По гласањето к**онстатира дека со 11 гласа „за“ и ниту еден „против“ едногласно е усвоен  Извештајот од работната посета на Основен суд Штип.**

Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**
**Формирање на Комисии на известители по поднесени Барања за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд**

Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми ја отвори 6 -тата точка од Дневниот ред, за оваа точка јавноста е исклучена, односно седницата е **ЗАТВОРЕНА ЗА ЈАВНОСТА,** а согласно чл.39 ст.2 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија, се констатира дека јавноста не е присутна.

Се констатира дека во 12.48 часот на седницата повторно е присутна претседателот на Судскиот совет на РСМ Весна Дамева која продолжи да ја води седницата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред.

**Точка 7**
**Донесување на одлука за престанок на функција судија поротник на Основен граѓански суд Скопје**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека јавноста повторно е присутна. Во продолжение истакна дека со оглед на тоа што од Основниот граѓански суд Скопје е доставеn предлог за престанок на функција судија поротник по нивно барање даде збор на координаторот на Основниот граѓански суд Скопје.

Членот на Советот **Ивица Николовски** истакна дека барањето доставено од претседателот на судот конкретно за двајца судии поротници кои бараат да бидат разрешеи по сопствено барање, кон барањето доставена е изјава од самите судии поротници. Направен е увид и со оглед да се исполнети условите преглага како координатор на овој суд истите да бидат разрешени.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа. Со оглед на никој од присутните не се јави за збор се констатира дека се донесе следната одлука

**О Д Л У К А**

На **Ана Гроздановска и Марија Никиќијевиќ,** избрани за судии поротници на Основен граѓанси суд Скопјесо одлуки на Судскиот совет на Република Северна Македонија им престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на кон последната точка од Дневниот ред – Разно.

**Точка 8 - Разно**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е доставено барање за формална номинација на кандидат за судија во Меѓународниот кривичен суд доставено од Министерството за надворешни работи – Директорат за мултилатерални односи и безбедносна соработка. Со оглед дека истото е номинација за судија во Меѓународниот кривичен суд сите членови се согласија да се изјаснат по ова прашање на работен состанок.
Пријавен кандидат е на отворениот повик е судијата Мирјана Лазарова Трајковска, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а Советот доставува формална потврда.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во продолжение изјави дека од страна на Академијата за судии и јавни обвинители е доставен допис во врска со советување на тема „Изземање на судиите според ЗПП и ЗКП и правните становишта на ЕСЧП во примената на членот 6 од Европската конвеницијa за човекови права - актуелни прашања и дилеми“ кое е предвидено да се одржи на 16 март 2023 година со физичко присуство во просториите на Апелациониот суд Скопје. Укажа дека советувањето е наменето за претседателите на судовите и претставници на Судскиот совет на РСМ. АСЈО со дописот се бара да се номинираат претставници од Судскиот совет најдоцна до 14 март 2023 година, а кои ќе имаат активно учество на советувањето.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори дискусија и побара некој допроволно да се пријави. Со оглед на истото од страна на Судскиот совет се номинираат следните членови на Советот:

1. м-р Ивица Николовски
2. Зоран Герасимовски
3. Сашко Георгиев

Се констатира дека претседателот на Советот Весна Дамева во 13.00 часот ја напушти седницата од причина што во тек беше закажана седница на Судскиот буџетски совет.

Со седницата продолжи да раководи заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми кој во продолжение под точка Разно наведе дека се продолжува со разгледување на дополнувањето на годишниот план за јавни набавки за 2023 година, а в.в. со Решение на Судски буџетски совет каде Судскиот совет на РСМ ќе спроведе 9 постапки за јавни набавки од редот на Капиталните инвестиции (расходи). Со оглед на тоа дека Планот за јавни набавки е веќе донесен, потребно е да се изврши негово дополнување, согласно наведеното решение и да се донесе одлука со која се усвојува дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки за 2023 година.

Заменик претседателот на Советот **м-р Селим Адеми** отвори дискусија. Откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање

дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки на Судскиот совет на РСМ за 2023 година.

Се констатира дека со 11 гласа ‚за‘‘ и ниту еден ,,против“ едногласно е донесена следната

**О Д Л У К А**

СЕ УСВОЈУВА дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки на Судскиот совет на РСМ за 2023 година

Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми наведе дека е доставен писмен допис од Државно правобранителство заради произнесување по донесена пресуда, а на запознавање на членовите на Судскиот совет, по што отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефокова** која наведе дека по разгледување на првостепената пресуда од Основен граѓански суд Скопје доставена од страна на Државно правобранителство на запознавање и произнесување, потенцира дека најверојатно се мисли на поднесување на жалба од нивна страна, но не е конкретно наведено по однос на роковите за поднесување на жалба. Од пресудата произлегува дека се работи за разрешен судија кој бара надомест на штета. Судијата поднел апликација до Стразбург. Поради тоа постапката пред ССРСМ е повторена, одлуката била по жалба, истата е усвоена, укинато е решението на Советот,а при повторното одлучување Советот носи решение во март 2020 година. Во фактичката состојба стои дека е изјавена жалба од разрешениот судија по којашто не е одлучено конечно. Видно од евиденцијата со која располага Советот утврдено е дека е одлучено по жалбата, истата е отфрлена, одлуката е конечна, па од таа причина укажа дека е нејасно од кои причини Државното правобранителство не ја презентирало во доказната постапка. Смета дека ако на судијата му е и понатаму утврдена повреда не може да бара надомест на штета. Смета дека треба да се укаже на Државното правобранителство во случај кога се бара произнесување од наша страна, да се наведе и точниот рок за поднесување на жалба.

Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми констатира дека е потребно да се изготви допис согласно изложените наводи и дадени укажувања до Државното правобранителство.

Заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми констатира дека дневниот ред е исцрпен во целост и седницата е завршена во 13.10 часот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Весна Дамева**

Изработил: м-р Сања Спиридонова
Одобрил: Весна Толева